Македонски центар за меѓународна соработка
ул. Никола Парапунов бр. 41а • П.Ф. 55 • 1060 Скопје • Република Македонија
Тел. 02/3065 381 • Факс 02/3065298 • Е-пошта: mcms@mcms.mk

# Повик за поднесување на понуди во постапката за набавка со голема вредност

За набавка услуги
Постапка за набавка број 1
Предмет на набавка: *Услуги за истражување на јавното мислење*

| | |
|---|---|
| Назив на нарачателот | Македонски центар за меѓународна соработка |
| Седиште и адреса | ул. Никола Парапунов 41а, поштенски фах 55, 1060 Скопје |
| Матичен број | 4878256 |
| Даночен број | 4030993180119 |
| Контакт лице | Гонце Јаковлеска |
| Контакт телефон и е-пошта | +389 2 3065 381; gjk@mcms.mk |

Почитувани,

Ве замолуваме да ни доставите понуда за набавка на *квантитативни и квалитативни истражувања кои ќе обезбедат информации за перцепцијата на граѓаните за важни теми поврзани со пристапниот процес во Европската Унија* во согласност со условите кои се дадени во продолжение на овој повик.

Рок за поднесување на понудата е *3 март 2020 г. (вторник)* до 16:00 часот.

Понудата се смета навремена доколку на нарачателот му е предадена до дата 3 март 2020 г. најдоцна до 16:00 часот.

Датумот на *отворање на понудата/евалуација на понудата* е *4 март 2020 г. (среда)* од *13:00* часот.

Само навремените, соодветни и прифатливи понуди ќе бидат разгледани. За ненавремена понуда се смета понудата на понудувачот која не е предадена на нарачателот до истекот на поднесување на понудата.

Со почит,

ФИв/ГЈк
Број 09-110/4-2020
Скопје, 20.2.2020

Александар Кржаловски
Прв извршен директор

Гонце Јаковлеска
Извршен директор

## 1. Упатство за понудувачи за составување на понуда

- Понудата се составува  така што понудувачот ги запишува бараните податоци во **Образец 2 – Понуда за набавки за големи вредности**. Понудата се пополнува читко, со печатни букви (електронски или рачно).

- За **набавки со голема** вредност понудата се поднесува исклучиво по пошта во запечатен коверт или кутија, затворени на начин кој со сигурност ќе потврди дека, при отворање на понудата, се отвора за прв пат. Понудата мора да биде составена јасна и недвосмислена и да биде на образецот кој е наменет за тоа.

- Понудувачот може да ја измени, дополни или повлече својата понуда пред истекот на рокот за поднесување на понуди, а измената, дополнувањето или повлекувањето на понудата е полноважно доколку нарачателот ја прими изменетата/дополнетата понуда или известувањето на/за повлекување на понудата пред истекот на рокот за поднесување на понуди. На понудата која е изменета/дополнета мора да биде јасно  назначено „Изменета/дополнета понуда – да не се отвора“.

- Ниту една понуда не може да се промени по истекот на рокот за поднесување на понуди.

- Понудата која не е составена и предадена во согласност со барањата од Повикот за поднесување на понуди ќе биде одбиена.

- На понудувачите не им е дозволено поднесување на понуда со варијанти. Понудата со варијанти ќе биде одбиена.

- Понудувачот може да поднесе само една понуда. Понудувачот кој поднел понуда самостојно, не може истовремено да учествува во понудата или во работата на друг понудувач во истиот проект.

- Трошоците за подготовка и поднесување на понудите се на товар на понудувачот и тој не може да бара од нарачателот надомест на трошоците.

- Надоместот за користење на патенти, како и одговорноста за повреда на заштитените права за интелектуална сопственост на трети лица, го сноси понудувачот.

- По отворање на понудата не е дозволено доставување и прием на докази кои недостигаат ниту пак каква било измена на понудените услови.

## 2. Права на Нарачателот

- Нарачателот може да бара од понудувачот дополнителни објаснувања кои ќе му помогнат при прегледот, вреднувањето и споредувањето на понудите, а може да врши и контрола кај понудувачот односно неговиот подизведувач.

- Нарачателот не може да бара, да дозволи или да понуди промена на елементите на понудите кои се од значење за примена на критериумите за доделување на договорот,  односно промена со која понудата која е несоодветна или неприфатлива да се направи соодветна, односно прифатлива, освен доколку поинаку не произлегува од природата на постапката на набавката.

- Нарачателот може да се откаже од набавката во случај на: непредвидливи околности или виша сила кои ја оневозможуваат или ја отежнуваат нормалната реализација на договорот, променети околности заради кои кај Нарачателот

престанува потребата за набавка, утврдени нерегуларности во процедурата, а во која било фаза од постапката, без обврска за надомест на штета на понудувачите. Во случај на престанок на набавката, нарачателот писмено ќе ги извести понудувачите.

- Одлуката за доделување на договорот, Нарачателот ќе ја донесе најдоцна во рок од 10 работни дена од отворање на понудите. Доколку понудувачот во рок од 2 дена од повикот на Нарачателот одбие да пристапи кон потпишување на договорот, Нарачателот може да потпише договор со првиот следен најповолен понудувач.

# 3. Услови во постапката за набавка

## 3.1. Цена

- Цената треба да биде изразена во денари, без и со ДДВ, со вклучување на сите трошоци кои понудувачот ги има во реализација на предметната набавка и евентуалните попусти. Цената е фиксна и не може да се менува.

- Доколку во понудата е прикажана невообичаено ниска цена, нарачателот ќе побара детално објаснување за околностите под кои понудувачот е во можност да ја понуди наведената цена. По приемот на деталното објаснување, Нарачателот ќе одлучи дали наведената цена е невообичаено ниска, и заради тоа да ја одбие понудата.

- Нарачателот може, во согласност со понудувачот, да изврши исправки на грешките во пресметката воочени за време на разгледување на понудата по завршената постапка на отворање на понуди. Во случај на постоење на разлика помеѓу единечната и вкупната цена, меродавна е единечната цена. Доколку понудувачот не се согласи со исправката на грешките во пресметката, нарачателот ќе ја одбие неговата понуда како неприфатлива.

## 3.2. Рок и начин на плаќање

Плаќањето на договорената вредност на набавката е по испорачување на добрата во рок, не пократок од 5 работни дена од денот на службен прием на фактурата која ја доставува понудувачот. Фактурирањето се врши по извршената испорака / извршени работи, на основа на Записник за примопредавање на добрата /работите или Записник за извршена услуга. Плаќањето се врши со уплата на сметката на понудувачот.

## 3.3. Рок на важење на понудата

Понудата мора да важи најмалку 30 дена од денот на отворање на понудите. Во случај понудувачот да наведе пократок рок на важење на понудата, понудата се одбива.

## 3.4. Рок и место на испорака на добрата/услугата/спроведување на работите

Рокот за *извршување на услугата е 30* дена од денот на склучување на договорот. Местото на *извршување на услугата* е територија на Република Северна Македонија.

## 3.5. Критериуми за оценување на понудите

Одлуката за доделување на договорот на набавка се носи си примена на критериумот *економски најповолна понуда*.

Критериумите за избор на економски најповолна понуда се следни:

| Критериуми | Вкупен број на пондери (тежина во вкупната оцена) |
| --- | --- |
| *Понудена цена* | 20 |
| *Квалификација на добавувач* | 15 |
| *Искуство* | 15 |
| *Кадровска екипираност* | 15 |
| *Соодветна техничка и програмска опременост и стручна подготвеност на персоналот* | 15 |
| *Минимален годишен приход од 6.000.000 ден., остварени во последните две години (2018 и 2019)* | 10 |
| *Рок на испорака* | 10 |
| Збир на пондери | 100 |

<u>Како да се пресмета бројот на бодови:</u>
Број на бодови (цена) = (Најниска понудена цена / Цена на понудата која се оценува) x број на  пондери според критериум.